Уп. Бр.08-100/2020

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Медиа С.а.р.л., со регистрирано седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје на седницата одржана на ден 09.12.2020 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Јунајтед Медиа С.а.р.л., со регистрирано седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург ќе стекне самостојна контрола над работењето на списанието и интернет порталот „Сити Магазин“, под контрола на трговското друштво Сити Магазин Рулартад.о.о. Белград, со седиште на адреса Капетан Мишина 8, Белград, Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 16.11.2020 година, а дополнето на 30.11.2020 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Јунајтед Медиа С.а.р.л. со регистрирано седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. ќе стекне самостојна контрола над работењето на списанието и интернет порталот „Сити Магазин“, под контрола на трговското друштво Сити Магазин Рулартад.о.о. Белград, со седиште на адреса Капетан Мишина 8, Белград, Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Јунајтед Медиа С.а.р.л.** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП (BC PartnersLLP), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво

финансиски инвеститори т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компанијата во која инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.
БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и
ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани друштва, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, SportKlub, FightChannel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа);
- услуги за огласување (ДирецтМедиа (DirectMedia), Кас Медиа (CasMedia));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мрежед.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемахд.о.о. Љубљана (Telemachd.o.o. Ljubljana).

**Сити Магазин Руларта д.о.о Белград**, е бесплатен lifestyle магазин кој се издава и дистрибуира во Србија, со текстови на различни теми: урбан живот, култура, забава, мода, технологија, патувања, излегувања, автомобили, деца. Исто така го опфаќа и lifestyle интернет порталот www.citymagazin.rs.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**